# АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС  Скопје

**КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**СО ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗИЈАТА**

**Скопје, Јуни 2026 година**

## СОДРЖИНА

| | стр. |
|---|---|
| **ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР** | 2 |
| **КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** | |
| -Консолидиран извештај за сеопфатна добивка за 2025 година | 9 |
| -Консолидиран извештај за финансиската состојба на 31.12.2025 година | 10 |
| -Консолидиран извештај за промените на главнината | 11 |
| -Консолидиран извештај за паричните текови од 01.01 до 31.12.2025 година | 12 |
| **БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ** | 13-32 |

**Прилози:**

- Консолидирана Годишна сметка 2025 година
- Извештај за работење за 2025 година

ЕЛИТ РЕВИЗИЈА ТП

Скопје, ул. Македонија бр.6/17;

+389 70268855; tpelitrevizija@gmail.com

Лиценца бр. 28

# *ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР*

## *До: Акционерите и Управниот одбор на АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС-Скопје*

## *Мислење со резерва*

*Ги ревидиравме Консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС-Скопје (во натамошниот текст: Друштвото), кои ги вклучуваат Консолидираниот извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2025 година; Консолидираниот извештај за добивка и загуба, и сеопфатна добивка за годината која завршува, Консолидираниот извештај за промена на капиталот и Консолидираниот извештај за паричните текови за годината која завршува на таа дата, како и белешките кон Консолидираните финансиски извештаи, вклучувајќи и резиме на значајните сметководствени политики.*

*Според наше мислење, освен за ефектите од прашањата опишани во делот Основа за мислење со резерва од овој извештај, Консолидираните финансиски извештаи прикажуваат вистинска и објективна слика за финансиската состојба на Друштвото на 31 декември 2025 година, како и за неговите финансиски резултати и паричните текови за годината која завршува на таа дата, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).*

### *Останати прашања*

*Консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС-Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2024 година се ревидирани од предходен ревизор кој изразил мислење со резерва за истите на 08 Април 2025 година.*

## *Основа за мислење со резерва*

1. ***Отсуство на тест за оштетување на вложувањата во поврзани друштва***

*Групацијата на 31 декември 2025 година евидентира вложувања во удели на поврзани друштва, по набавна вредност, во износ од 86.816.438 МКД (конто 031200), што претставува набавна вредност на тоа вложување. Друштвото, во поединечни финансиски извештаи вредноста на подружницата ја искажува по набавна вредност. Во консолидираните финансиски извештаи, разликата во вреднување помеѓу набавна вредност и сметководствената вредност на главнината на конпонентата, е евидентирана во ревалоризациона резерва, се искажува заедно со запишаниот капитал на матичното друштво Раководството на Групацијата не извршило проценка на надоместливата вредност на овие вложувања согласно МСС 36 'Оштетување на средства' ниту обезбедило докази за отсуство на индикатори за трајно намалување на вредноста. Во отсуство на ваква проценка, не сме во можност да ги потврдиме сметководствената вредност на вложувањата и евентуалната потреба од признавање загуба од оштетување. Доколку тестот за оштетување покаже дека надоместливата вредност е пониска од сметководствената, би било потребно да се признае загуба од оштетување која би ги намалила и средствата и добивката на Друштвото.*

2. ***Отсуство на извршена ревизија во поврзаното друштво АГРОНОВА ДООЕЛ***

*Поединечните финансиски извештаи за 2025 година, на Друштвото-подружница АГРОНОВА ДООЕЛ не се ревидирани. Приходите на подружницата АГРОНОВА ДООЕЛ представува околу 51% од вкупнитеделовни приходи во консолидираниот извештај за добивка во годината, средствата на подружницата представуваат 99,52% од вкупните средства во консолидираниот извештај за финансиската состојба за годината, а обврските на подружницата представуваат околу 17% од вкупните обврски во консолидираниот извештај за финансиската состојба обврски. Како резултат ние не бевме во можност да утврдиме дали некои корекции би биле потребни во однос на резултатите од работење и финансиската состојба во консолидираните финансиски извештаи на Друштвото.*

3. ***Неприменување на МСФИ 16 -Лизинг***

*Матичното друштво изнајмува деловни простории од поврзано друштво за кои во текот на 2025 година се евидентирани расходи за наем во износ од 1.745.208 МКД и расходи за парно греење во износ од 553.380 МКД. Друштвото не го применува МСФИ 16 - Лизинг и не ги признава средствата со право на користење ниту обврските по основа на лизинг во Консолидираниот извештај за финансиската состојба. Согласно*

*МСФИ 16, Друштвото беше должно да го признае средството со право на користење и соодветната обврска за лизинг, да пресмета амортизација на средството и расход за камата на обврската, наместо оперативен расход за наем. Неприменувањето на МСФИ 16 резултира со потценување на нетековните средства и обврските, како и со погрешна класификација на расходите во Консолидираниот извештај за добивка и загуба.*

*Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Објавени во Службен весник на РС Македонија број 273/2024година. Нашите одговорности согласно овие стандарди се дополнително опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Групацијата во согласност со Меѓународниот Кодексот на етика за професионални сметководители (вклучувајки ги меѓународните стандарди за независност)(Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етикана сметководители кои се примена во РС Македонија, заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаиво РС Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во РС Македонија. Веруваме дека ревизорските докази кои ги добивме се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење со резерва.*

## *Клучни ревизорски прашања*

*Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашето стручно мислење, беа од најголемо значење во нашата ревизија на поединечните финансиски извештаи за тековниот период. Покрај прашањата опишани во делот Основа за мислење со резерва, ги утврдивме следните клучни ревизорски прашања. Овие прашања беа опфатени во контекст на нашата ревизија на поединечните финансиски извештаи како целина и во формирањето на нашето ревизорско мислење за нив и ние не даваме посебно мислење за овие прашања.*

| ***Клучно ревизорско прашање*** | ***Како нашата ревизија одговори на клучното ревизорско прашање*** |
|---|---|
| ***Трансакции со поврзани страни***<br>*АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје за 2025 година евидентираше значајни трансакции со поврзани друштва: приходи од услуги (1.570.000 денари), расходи за наем (1.745.208 денари) и парно греење (553.380 денари).* | *Ги идентифицуваме поврзаните страни и ги разгледавме условите на трансакциите со поврзаните друштва.*<br>*Обезбедивме договори за наем, позајмици и услуги и ги анализиравме клучните услови за да утврдиме дали трансакциите се извршени по пазарни услови.* |

| | |
|---|---|
| ***Обврските кон поврзани друштва*** *износуваат 10.637.541 денари по основа на набавки и 16.531.887 денари по основа на позајмици (од кои 3.312.086 денари главнина и 13.219.801 денари акумулирана камата).*<br>*Вложувањата во удели на поврзани друштва изнесуваат 86.816.438 денари (91% од вкупните средства).*<br>*Ние се фокусиравме на оваа област поради значителниот обем на трансакции со поврзани страни и ризикот трансакциите да не се извршени по пазарни услови.* | *Ги прегледавме салдата на побарувањата и обврските кон поврзаните друштва и извршивме постапки за потврда на точноста на евидентираните износи.*<br>*Спроведовме постапка за конфирмирање на салдата со поврзаните друштва.*<br>*Проверивме дали обелоденувањата за трансакциите со поврзани страни се комплетни и во согласност со барањата на МСС 24.* |

## ***Известување за останати информации***

*Раководството е одговорно за останатите информации, кои се состојат од Годишниот извештај од работењето и годишната сметка изготвена од раководството во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва, но не ги вклучува финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.*

*Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на останатите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барање.*

*Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето разбирање стекнато во ревизијата или поинаку, произлегува дека се материјално погрешни. Доколку, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување, на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме што да известиме во однос на ова прашање.*

## ***Одговорност на раководството и на лицата задолжени за изготвување на Консолидираните финансиски извештаи***

*Раководството е одговорно за подготовка и објективно прикажување на Консолидираните финансиски извештаи во согласност со МСФИ, и за оние интерни контроли за кои раководството утврди дека се неопходни за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања, без разлика дали се должат на измама или грешка.*

*При подготовката на Консолидираните финансиски извештаи, раководството е одговорно за оценка на способноста на Друштвото да продолжи со работење согласно*

*принципот на континуитет (going concern), за обелоденување, кога е соодветно, на прашања поврзани со континуитетот и за користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството не планира да го ликвидира Друштвото, да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен тоа.*

*Лицата задолжени за управување се одговорни за надзор над процесот на финансиско известување на Друштвото.*

## *Одговорности на ревизорот за ревизија на Консолидираните финансиски извештаи*

*Наши цели се да добиеме разумно уверување за тоа дали Консолидираните финансиски извештаи во целина не содржат материјално погрешни прикажувања, без разлика дали тие се предизвикани од измама или грешка, и да издадеме извештај на ревизорот кој го вклучува нашето мислење. Разумното уверување е високо ниво на уверување, но не е гаранција дека ревизијата извршена согласно МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога такво постои.*
*Како дел од ревизијата согласно МСР, применуваме професионална расудба и одржуваме професионален скептицизам во текот на целата ревизија. Исто така:*

- *Ги идентификуваме и оценуваме ризиците од материјално значајни погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали се должат на измама или грешка, дизајнираме и спроведуваме ревизорски постапки како одговор на тие ризици, и прибираме ревизорски докази кои се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење. Ризикот од неоткривање на материјално значајно погрешно прикажување кое произлегува од измама е поголем отколку ризикот од неоткривање на погрешно прикажување кое произлегува од грешка, бидејќи измамата може да вклучува договарање, фалсификување, намерно изоставање, погрешно претставување, или заобиколување на интерните контроли;*

- *Стекнуваме разбирање за интерните контроли кои се релевантни за ревизијата, со цел да дизајнираме ревизорски постапки кои се соодветни за околностите, но не за целите на изразување мислење за ефективноста на интерните контроли на Друштвото;*
- *Ја оценуваме соодветноста на применетите сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од раководството;*
- *Заклучуваме за соодветноста на користењето на сметководствената основа на континуитет од страна на раководството и, врз основа на прибраните ревизорски докази, дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои може да предизвикаат значително сомнеж за способноста на Друштвото да продолжи со работење. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, должни сме да го привлечеме вниманието во нашиот извештај на ревизорот кон*

*поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или, доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модифицираме нашето мислење. Нашите заклучоци се засноваат на ревизорските докази прибрани до датумот на извештајот на ревизорот. Сепак, идните настани или услови може да предизвикаат Друштвото да прекине со работење согласно принципот на континуитет; и*

- *Ја оценуваме целокупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата, и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективно прикажување.*

*Комуницираме со лицата задолжени за управување во врска со, меѓу другото, планираниот опсег и временски распоред на ревизијата и значајните ревизорски наоди, вклучувајќи значајни недостатоци, доколку идентификувавме такви, за време на ревизијата.*

*Исто така, на лицата задолжени за управување им поднесуваме изјава дека ги исполнивме релевантните етички барања за независност, и им ги соопштуваме сите односи и други прашања за кои може разумно да се очекува дека влијаат врз нашата независност, како и, каде е применливо, поврзаните заштитни мерки.*

*Од прашањата за кои сме комуницирале со лицата задолжени за управување, утврдуваме кои прашања биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и согласно тоа ги сметаме за клучни ревизорски прашања. Овие прашања ги опишуваме во нашиот ревизорски извештај, освен доколку нивната јавна објава е забранета со закон или соодветна регулатива или доколку се утврди во ретки околности, дека за некои прашања не треба да се извести во нашиот Извештај, поради негативните последициод кои разумно би се очекувало да ги надминат користите за јавниот интерес од таквото комуницирање.*

## *Извештај за други законски и регулаторни барања*

*Менаџментот на друштвото е исто така одговорен за подготвување на Консолидираниот Годишен извештај за работење, согласно член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење дали историските финансиски информации прикажани во консолидираниот годишен извештај за работа се конзистентни со консолидираната годишна сметка и ревидираните Консолидирани финансиски извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2025 година. Нашата работа, по однос на годишниот извештај за работа е извршена согласно Меѓународните стандарди за ревизији во согласност со член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.*

*Според наше мислење, историските финансиски информации прикажани во Консолидираниот Годишен извештај за работење е конзистентен, во сите материјални аспекти со консолидираната годишна сметка и ревидираните Консолидирани финансиски извештаи на АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2025 година.*

*Скопје, 23 Јуни.2026 година*

***ЕЛИТ РЕВИЗИЈА ТП Скопје, Лиценца за работа бр.28***

**ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР**

**Данче Зографска**

***ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ***

***ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР***

***Данче Зографска***

АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје
Консолидирани Финансиски Извештаи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

**за периодот 01.01 до 31.12.2025 година**

во 000 МКД

| | Белешки | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| Приходи од работење | 5 | 23.130 | 29.866 |
| Промени во залихи почетни и крајни | | - | - |
| Набавна вредност на продадени стоки | | (173) | (97) |
| Трошоци за суровини и материј. | 6 | (1.807) | (1.540) |
| Услуги | 6 | (3.346) | (12.187) |
| Останати трошоци од работење | 6 | (5.959) | (6.488) |
| Трошоци на вработени | 7 | (7.584) | (7.926) |
| Амортизација | 6 | (5.175) | (5.837) |
| Вредносно усогласување | 6 | - | (691) |
| Други трошоци | 6 | - | - |
| *Оперативна добивка (загуба)* | | (914) | (4.900) |
| Приходи од финансирање | 8 | 3.168 | 2.379 |
| Расходи од финансирање | 9 | (7) | (45) |
| ***Вкупна добивка пред оданочување*** | | 2.247 | (2.566) |
| Данок од добивка | 10 | (483) | (152) |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | 1.764 | (2.718) |
| Останати сеопфатни приходи | | - | - |
| Данок на сеопфатни приходи | | - | - |
| **СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | 1.764 | (2.718) |

Во Скопје

Овластено лице

Акционерско друштво за промет и услуги УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

**на 31.12.2025 година**

во 000 МКД

| | | Белешки | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| **А** | **СРЕДСТВА** | | | |
| | **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| | Нематеријални средства | 12 | 1.563 | 1.713 |
| | Материјални средства | 13 | 53.576 | 57.924 |
| | Финансиски вложувања | 14 | 10.408 | 10.771 |
| | *Вкупно нетековни средства* | | 65.547 | 70.408 |
| | **Вложувања во недвижности** | 15 | 18.351 | 17.439 |
| | **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| | Залихи | 16 | 335 | 335 |
| | Побарувања од купувачи | 17 | 5.853 | 2.507 |
| | Останати краткор.побарувања | 18 | 100 | 584 |
| | Финансиски вложувања | 19 | 2.418 | 2.418 |
| | Пари и парични еквивал. | 20 | 5.948 | 3.802 |
| | АВР | | - | - |
| | *Вкупно тековни средства* | | 14.654 | 9.646 |
| | **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 98.552 | 97.493 |
| **Б** | **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | | |
| | Запишан капитал (акц.главнина) | 21 | 6.796 | 6.796 |
| | Ревалоризациони резерви | | 119.116 | 119.116 |
| | Законски резерви | | 533 | 533 |
| | Акумулирана загуба | | (90.505) | (87.787) |
| | Акумулирана добивка | | 54.938 | 54.938 |
| | Нето добивка од теков.година | | 1.764 | (2.718) |
| | *Вкупно акционерски капитал* | | 92.642 | 90.877 |
| **В** | **ОБВРСКИ** | | | |
| | Краткорочни финансиски обврски | 22 | 3.666 | 3.666 |
| | Краткорочни обврски кон добав. | 23 | 1.081 | 2.294 |
| | Останати краткорочни обврски | 24 | 419 | 455 |
| | Обврски за даноци,придонеси и др. | 24 | 744 | 200 |
| | ПВР | | - | - |
| | *Краткорочни обврски* | | 5.910 | 6.616 |
| | *Вкупно обврски* | | 5.910 | 6.616 |
| | **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | 98.552 | 97.493 |

Во Скопје

Овластено лице

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНА НА ГЛАВНИНАТА

во 000 МКД

| | Акционерски капитал | Резерви | Ревалориз. Резерви | Пренесена загуба | Акумул. добивка | Добивка за год. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2024 год. | 6.796 | 533 | 119.116 | (81.288) | 54.886 | (7.045) | 92.998 |
| Распред.на добивка | - | - | - | (7.045) | - | 7.045 | - |
| Сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени-корекции на гре | - | - | - | 546 | 52 | - | 598 |
| Нето добивка за 2024 год. | - | - | - | - | - | (2.718) | (2.718) |
| **Состојба 31.12.2024 год.** | 6.796 | 533 | 119.116 | (87.787) | 54.938 | (2.718) | 90.878 |
| Состојба 01.01.2025 год. | 6.796 | 533 | 119.116 | (87.787) | 54.938 | (2.718) | 90.878 |
| Распред.на добивка | - | - | - | (2.718) | - | 2.718 | - |
| Сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени-корекции на гре | - | - | - | - | - | - | - |
| Исплатена дивиденда | - | - | - | - | - | - | - |
| Нето добивка за 2025 год. | | - | - | - | - | 1.764 | 1.764 |
| **Состојба 31.12.2025 год.** | 6.796 | 533 | 119.116 | (90.505) | 54.938 | 1.764 | 92.642 |

Во Скопје

Овластено лице

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

во 000 МКД

| | 2025 | | 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | 2.247 | | (2.566) |
| *Прилагодување за* | | | | |
| Амортизација на нетековни средства | 5.175 | | 5.837 | |
| Отписи | - | | - | |
| Позит.курс.разлики, платени камати, кап.добивки | - | | - | |
| Платен данок на добивка | (483) | | (152) | |
| ***Паричен тек од деловни активности*** | | | | |
| Зголемување на побарувања по сите основи | (2.862) | | 646 | |
| Зголемување за залихи по ефект | - | | - | |
| Зголемување на обврски спрема добавувачи | (1.213) | | (2.169) | |
| Зголемување на останати обврски | (36) | | 35 | |
| Зголемување на обврски за даноци и придонеси | 544 | | (39) | |
| | | 1.125 | | 4.158 |
| ***Нето прилив од деловни активности*** | | **3.372** | | **1.592** |
| ***Паричен тек од инвестициони активности*** | | | | |
| Набавка (отуѓување) на НПО | (677) | | (495) | |
| Зголемување на долгорочни.вложувања | (549) | | (3.845) | |
| Зголемување на краткорочни вложувања | - | | - | |
| ***Нето промени од инвестициони активности*** | | **(1.226)** | | **(4.340)** |
| ***Паричен тек од финансиски активности*** | | | | |
| Приливи на долгорочни кредити | - | | - | |
| Приливи на краткорочни кредити | - | | - | |
| Зголемување на капиталот | - | | - | |
| Исплатена дивиденда | - | | - | |
| ***Нето промени од финансиски активности*** | | - | | - |
| ***Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти*** | | **2.146** | | **(2.748)** |
| ***Пари и парични еквиваленти на Почетокот на пресметковниот период*** | | **3.802** | | **6.550** |
| ***Пари и парични еквиваленти на Крајот на пресметковниот период*** | | **5.948** | | **3.802** |

Во Скопје

Овластено лице

## БЕЛЕШКИ КОН КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

### 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје** е акционерско друштво, акциите се во сопственост на две домашни физички лица. Основано е на 20.12.1994 година. Во Централниот трговски регистар на РМ се води под број ЕМБС 4956648. Седиштето на Друштвото е во Скопје, на бул. ВМРО бр.3.

Основна дејност на АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС е компјутерски консултански услуги.

Друштвото е сопственик на 100% удел во АГРОНОВА ДООЕЛ Скопје.

Друштвото на крајот на 2025 година има вкупно 12 вработени лица.

Друштвото објавува поединечни и консолидирани финансиски извештаи.

Во консолидираните финансиски извештаи за 2025 година, Друштвото ги презентира, сумирано со подружницата, резултатите од работењето, финансиската состојба, паричните текови и промените во капиталот, при што ги елиминира нивните меѓусебни односи.

Консолидираните финансиски извештаи на АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС се усвоени и одобрени од менаџментот на 13.03.2026 година.

### 2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Финансиските извештаи се изготвени во согласност со законските прописи на Република Македонија, Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/2004...215/2021) и Правилникот за водење сметководство (Службен весник на РМ бр. 159/2009..75/2025). Според овој Правилник е пропишано водење на сметководството во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ издание 2023), вклучувајки ги и толкувањата на Комитетот за толкувања на МСФИ (КТМФИ) и Постојниот Комитет за толкување (ПКТ).

Сметководствените политики се конзистентно применети од страна на менаџментот во предходните пресметковни периоди.

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката на континуитет во работењето, односно дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина.

#### 2. 1. Примена на нови и ревидирани МСФИ

Од 1 Јануари 2025 година друштвата имаат обврска да ги применуваат Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ издание 2023), објавени во Правилникот за водење сметководство во Службен весник бр.75/2025. Овој правилник ги содржи сите стандарди од МСФИ 1 до МСФИ 17 како и Меѓународните сметководствени стандарди (МСС).
Од МСС 1 до МСС 41, како и толкувањата на Комитетот за толкувања на МСФИ од КТМФИ 1 до КТМФИ 23 и Постојниот Комитет за толкување од ПКТ 7 до ПКТ 32. Горенаведените стандарди и толкувања се применливи во РСМакедонија започнувајки од 1 Јануари 2025 година, Освен МСФИ 17, Договори за осигурување кој че се применува од 1 Јануари 2028 година. Со измените на Правилникот за водење сметководство издадени во Службен весник бр.274/2025, МСФИ 9, Финансиски инструменти, ќе започне да се применува одложено, од 1 Јануари 2028 година .

**Нови стандарди во примена од 1 Јануари 2025 година**

**О**д 1 Јануари 2025 година во примена се изменетите:

**МСФИ 15 – ПРИХОДИ**

Во текот на периодот Друштвото ја разгледа примената на МСФИ 15 – Приходи од Договори со клиенти. Иако важечката верзија на стандардот содржи поинаква формулација во однос на предходно применуваната верзија, примената на МСФИ 15 немаша влијание врз признавањето, мерењето и обелоденувањето на приходите на Друштвото.

**МСФИ 16 – ЛИЗИНГ**

Во текот на периодот Друштвото не го применува МСФИ 16 – Лизинг,согласно Правилникот за водење сметководство во Службен весник бр.75/2025, со образложение дека тоа поединечно е мало друштво, што е спротивно на третманот на Друштвото во Централниот регистар каде е запишано како големо.

**2.1.1. Основи за сметководство**

Согласно сметководствените принципи, а со цел реално прикажување на приходите и расходите, односно финансискиот резултат и основниот капитал на друштвото. Финансиските извештаи се изготвени со употреба на принципот историски вредности, модифицирани со ефектот од инфлаторните промени кој влијае на одредени средства, обврски и капитал.

Основните сметководствени политики кои се применети во составување на Финансиските извештаи за периодот 01.01 до 31.12.2025 година (доколку не е поинаку наведено), се во согласност со Меѓународни стандарди за финансиско известување, прифатени и објавени во Република Македонија, освен новиот МСФИ 16.

**2.1.2. Основа за консолидација на финансиските извештаи**

АГРОНОВА ДООЕЛ Скопје е друштво-подружница, под целосна контрола на АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје, со 100% негова сопственост. Финансиски извештаи на АГРОНОВА ДООЕЛ се вклучени во консолидираните финансиски извештаи на АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС.

Принципи на консолидација се следните:

1. Се собираат поединечно салдата на сите позиции на средствата, обврските и капиталот од извештаите за финансиската состојба на 31 Декември 2025 и 2024 година, како и приходите и расходите од извештајот за сеопфатната добивка за 2024 и 2025 година,
2. Во целост се елиминираат салдата на побарувањата и обврските на 31 Декември 2025 и 2024 година, кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамки на Групацијата.
3. Во целост се елиминираат салдата на вложувањата на матичното друштво во зависното друштво (подружница) со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година и салдото од делот на капиталот на тие друштва, кои се однесуваат на тие вложувања.
4. Во целост се елиминираат приходите и расходите за 2025 и 2024 година, кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамки на Групацијата.

**2. 2. Функционална валута**

Финансиските извештаи прикажани на страна 8-11 се изразени во согласност со законските прописи на Република Македонија, во функционалната, национална валута на Република

Македонија - македонски денар. Финансиските извештаи за периодот 01.01-31.12.2025 година на Друштвото се изготвени во илјади денари (во 000 МКД).

**2. 3. Трансакции во странски валути**

Пресметката на странските средства, односно побарувањата и обврските, се врши според средниот девизен курс на странските средства на НБМ во денарска противвредност на денот на составување на годишните финансиски известаи, а искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата.

**ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ**

Официјалните курсеви на странските валути на 31.12.2025 години во денари

| Валута | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|
| 1 ЕВРО | 61,4950 | 61, 4950 |

**2. 4. Признавање на приходи**

Приходот претставува објективна вредност на примениот надомест или побарувањето за продадени добра и извршените услуги. Приходот се прикажува намален за ДДВ, проценетите поврати, дисконтите и рабатите. Приходите се состојат од:

**2. 4. 1. Приходи од продажба**

Приходите од продажба на стоки се признаваат кога друштвото пренело на купувачот значајни ризици и користи од сопственоста на стоките, без да задржи било каква контрола над продадените стоки.

Реализацијата е искажана по стварни вредности. Цените на услугите на Друштвото не се законски ограничени, туку се условени од пазарните услови.

**2. 4. 2. Приходи од давање услуги и наеми**

Приходите од давање услуги се признаваат кога резултатот од определена трансакција може веродостојно да се процени и приходот во врска со трансакцијата треба да се признае според степенот на довршеност на датумот под кој е сочинет извештајот.

Приходите остварени од оперативни наеми, се признаваат во моментот на нивното остварување во извештајот за сеопфатна добивка на рамномерна основа за времетраењето на наемот во евиденцијата на друштвото.

Реализацијата е искажана по стварни вредности. Цените на услугите на Друштвото не се законски ограничени, туку се условени од пазарните услови.

**2. 4. 3. Приходи и расходи од курсни разлики**

Нето приходите и расходите од курсни разлики вклучуваат реализирани и нереализирани курсни разлики кои произлегуваат од порамнување на трансакциите во странски валути, како и од вреднувањето на средствата и обврските во странски валути вклучени во Извештајот за сеопфатна добивка во периодот кога тие настанале. Превземените и потенцијалните обврски деноминирани во странски валути се преведуваат во Денари со примена на официјалните курсеви кои важат на датумот на извештајот за финансиската состојба.

**2. 4. 4. Приходи од камати**

Приходи од каматите настанати од финансиски средства по основ на пласмани и

побарувања од деловни односи, се признаваат кога е веројатно дека друштвото ќе има економските користи од одреден износ на камата кои може веродостојно да се измери. Приходите од камати се признаваат на временска основа на утврдената каматна стапка и се искажуваат во Извештајот за сеопфатна добивка во рамки на приходите од финансиски активности. Согласно законските прописи под камати се подразбира било кој облик на ревалоризација на побарувањата, доколку така е договорено, односно пропишано.

### 2.5. Трошоци на работењето

Трошоците на работење ги сочинуваат сите трошоци настанати во текот на извршување на дејноста, како и специфичните трошоци поврзани со природата на основната дејност и набавката на материјали и стоки кои се неопходни за остварување на приливи на економски користи на друштвото во пресметковниот период.

### 2.5.1 Користи на вработени

Користи на вработени се сите форми на надомести кои ги дава друштвото на своите вработени во размена за извршената услуга од страна на вработените.

*Краткорочни користи за вработените*

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат во рок од дванаесет месеци по крајот на периодот во кои вработените ја извршиле услугата, како платите, сите придонеси на плати со персоналниот данок, платените отсуства, учество во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход во извештајот за сеопфатна добивка во периодот за кој се однесуваат.

Согласно законските прописи во РМ на сите вработените им се пресметува плата на бруто основа, во која освен нето платата се и придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, придонесот за здравствено осигурување, како и придонесите за вработување и за дополнително здравствено осигурување.

**Бонус планови**

Друштвото признава како обврска објавени бонуси за вработени земени како награди за успешноста во финансиските и оперативните резултати. Друштвото нема посебно изготвени планови за бонуси на вработените.

### 2.6. Инвестиционо и тековно одржување

Трошоците на инвестиционо и тековно одржување на основните средства се покриваат од приходот во пресметковниот период, во моментот кога ќе настанат. Реконструкциите и адаптациите на капацитетите, со кои се менува, подобрува, зголемува односно модернизира капацитетот и намената на основните средства, се евидентира како зголемување на вредноста на тие основни средства.

### 2.7. Трошоци на позајмување

Трошоците на позајмување кои директно се однесуваат на купување или производство на одредено средство кое претставува средство за понатамошна употреба или продажба директно се додаваат и ја зголемуваат неговата вредност се додека средството не е подготвено за употреба или продажба.

Каматите настанати по основ на обврски, пресметани до датумот на Извештајот за финансиска сосојба, со исклучок на каматите по основ на трети лица за основни средства, кои се

надоместуваат на товар на ревалоризационата резерва се искажуваат во Извештајот за сеопфатна добивка во рамки на финансиски расходи. Согласно законските прописи, како каматите се третираат и било кој облик на ревалоризација на обврските, ако така е договорено или пропишано.

**2.8. Даноци и придонеси**

Даноците и придонесите и другите законски обврски се издвојуваат согласно законските прописи. Повеќе платените даноци на крајот од периодот се искажуваат како побарувања од државата.

Данокот на добивка за 2025 година, по пропишана стапка од 10%, се плаќа на искажаната разлика помеѓу вкупните остварени приходи и вкупните расходи и на непризнаените расходи за даночни цели, согласно Законот за данок на добивка.

Одложениот данок од добивка се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за временските разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентираат за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот данок од добивка се користат тековните даночни стапки.

**2.9. Нетековни средства**

*Нетековните средства ги вклучуваат нематеријалните, материјалните средства и правата на користење на средств-лизинг.*

**2.9.1. Нематеријални средства**

*Основачките вложувања и материјалните права за софтвери, патенти, лиценци, заштитени марки како и вложувања во туѓи имоти* ги содржат сите трошоците кои се потребни за отпочнување со вршење на основната дејност.

Амортизацијата на нематеријалните средства се пресметува праволиниски, за време на нивното важечко времетраење, најчесто за 5 години, по стапка од 20% годишно.

**2.9.2. Материјални средства**

*Материјалните средства земјата, недвижности, постројки и опрема* првично се евидентираат по нивната набавна вредност зголемени за трошоците за нивната набавка до ставањето во употреба. Последователните издатоци за реконструкциите и адаптациите на капацитетот, со кои се менува, подобрува, зголемува капацитетот се евидентираат како зголемување на вредноста на материјалните средства.

Недвижности, постројки и опрема се прикажуваат по набавната вредност намалена за акумулираната амортизација и загубите од оштетување.

*Амортизацијата на материјалните средства,* се признава како трошок во извештајот за сеопфатна добивка, а се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства, по следните стапки на амортизација:

| | **Корисен век** | **Стапки** |
|---|---|---|
| *- Згради* | 40 години | 2,5% |
| *- Транспортни сред.* | 5-10 години | 20%-10% |
| *-Компјутери* | 4 години | 25% |

| | | |
|---|---|---|
| *-Опрема и Мебел* | 5-10 години | 20%-10% |

На материјалните средства недвижности, постројки и опрема се врши пресметка на амортизацијата до нивниот потполн отпис.

Резидуалната вредност на средствата и нивниот век на користење се проценува на денот на составување на Извештајот за финансиската состојба и се корегира доколку е потребно.

Сегашната вредност на материјалните средства се намалува до износот на надоместувачката вредност е повисока од проценетата надоместувачка вредност.

Земјата и материјалните средства во подготовка не се амортизираат.

Отстапените или на друг начин отуѓени материјални средства се елиминираат од Извештајот за финансиската состојба заедно со исправката на вредноста. Добивката или загубата што произлегува од таквото отуѓување се книжи во извештајот на сеопфатната добивка.

Друштвото не го применува во сметководството, стандардот МСФИ 16 .

**2.9.3. Оштетување на недвижностите, постројките и опремата, биолошките средства и нематеријалните средства**

Средствата кои имаат неопределен век на користење не се предмет на амортизација и се тестирани годишно за оштетување.

Средствата кои се предмат на амортизација во друштвото, се проценуваат од оштетување секогаш кога постојат настани или промени во околностите кои укажуваат дека нивната сегашна вредност не е еднаква со нивната надоместувачка вредност. Загубите од оштетување се признаваат за износите за кои сегашната вредност на средството го надминува неговиот надоместувачки износ. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната цена на средството, намалена за трошоците за продажба, и неговата употребна вредност. Со цел да се процени оштетувањето на средствата, се групираат во најмали единици сто генерираат пари. Нефинансиските средства, освен гудвилот, кои се оштетени се проценуваат за можна корекција на оштетувањето на денот на извештајот за финансиската состојба.

**2. 10. Наеми - Лизинг**

Друштвото проценува при склучување на договор дали договорот претставува или содржи наем. Договорот претставува наем доколку пренесува право на контрола врз користење на идентификувано средство за одреден временски период во замена за надоместок.

Наемите се класифицираат како финансиски и оперативни. Плаќањата по оперативните наеми се признаваат како трошок по права линија во текот на периодот на наемот. Средствата земени под финансиски наем се признаваат како средства на Друштвото, а обврската кон закуподавачот се признава како обврска. Трошоците за камати и амортизација се признаваат во билансот на успех во периодот на нивното настанување.

**2. 11. Залихи**

(1) Залихите на материјали и резервни делови се прикажуваат според трошоците за нивна набавка или по цена не повисока од нето реализационата вредност.

(2) Залихите на трговски стоки се евидентираат по набавна вредност зголемена за трошоците за нивна набавка или по цена не повисока од нето реализационата вредност.

(3) Ситниот инвентар се отпишува целосно со ставање во употреба.

(4) Намалувањето на вредноста на залихите се врши во годишниот извештај индиректно, на товар на останатите расходи, доколку субјектот процени дека опаѓа пазарната вредност на залихата или ја губи употребната вредност.

**2. 12. Финансиски инструменти**

Финансиски инструмент е секој договор кој истовремено се јавува како финансиско средство во едно друштво, а како финансиска обврска или инструмент на главнина во друго друштво.

Финансиските средства, и финансиските обврски или инструментите на главнината се признаваат во извештајот за финансиската состојба единствено кога друштвото ќе стане страна во договорните услови на финансискиот инструмент.

При првичното признавање финансиските инструменти се искажуваат по нивната набавна вредност, зголемени за сите трошоци настанати до нивното стекнување.

**2. 12. 1. Финансиски средства**

Финансиските средства ги сочинуваат вложувања во: банки, други финансиски институции и во друштва, вложувања во акции и удели во банки, други финансиски институции и во друштва како и дадените заеми и депозити, побарувањата, пари и парични средства, и капиталот. За целите на вреднувања друштвото ги класифицира финансиските средства во зависност од целите и рочноста со кои е склучен договорот во соодветни категории на финансиски средства: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, финансиски средства расположиви за продажба и финансиски средства до доспевање.

Друштвото нема финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби кои се наменети за тргување, ниту финансиски средства расположиви за продажба.

**б) Заеми и побарувања**

Парите и паричните еквиваленти, депозитите во банки, дадените позајмици и побарувањата се вклучуваат во категоријата заеми и побарувања и претставуваат финансиски средства со фиксни или детерминирани плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучуваат во тековни средства, освен средствата кои имаат доспеаност подолга од 12 месеци од датата на извештајот за финансиската состојба и се класифицираат како нетековни.

*Оштетување на пласмани и побарувања*

Со состојба на крајот на годината се врши исправка на вредноста на позајмиците и побарувањата по основ на продажба кои се сеуште ненаплатени и за кои е покрената постапка пред надлежниот суд за нивна наплата.

**Пари и парични еквиваленти**

Парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат депозитите на сметките (денарски и девизни), готовината во благајна и високо ликвидни парични инструменти како краткорочни државни записи, чекови и слично.

**Побарувања од купувачи и останати побарувања**

Побарувањата може да бидат по основ на продажба-услуга, побарувањата од вработени, побарувањата од повеќе платени даноци и други побарувања се искажуваат по нивната номинална вредност, зголемена за каматите согласно склучениот договор. Побарувањата кои се искажуваат во девизи се пресметуваат според средниот курс на НБРМ на денот на составување на

финансиски извештаи.

**2. 12. 2. Финансиски обврски и инструменти на главнина**

Друштвото ги класифицира останати финансиските обврски инструменти на главнина.

**2. 12. 2. 1. Инструменти на главнина**

Инструмент на главнина е секој договор кој го евидентира остатокот од средствата на друштвото после одземањето на сите негови обврски. Како инструменти на главнината издадени од друштвото се признаваат сите приливи намалени за директните трошоци за нивното издавање.

**2. 12. 2. 2. Финансиски обврски**

Финансиските обврски се класифицираат во финансиски обврски по објективна вредност преку добивки и загуби или останати финансиски обврски.

**Долгорочни обврски**

Друштвото нема земено кредити на рокови подолги од една година. Сите кредити во странска валута се искажуваат во денарска против вредност по среден курс на НБРМ на денот на составување на Извештајот за финансиската состојба.

**2. 13. Капитал**

Запишаниот капитал на Друштвото е претставен по историска цена на денот на неговото регистрирање, во сметководството се евидентира регистрираниот капитал.

**2.14. Дивиденди**

Дивидендите се признаваат како обврска во периодот во кои се објавени.

**2. 15. Известување по сегменти**

Согласно МСФИ 8, од Друштвата се бара да известуваат по оперативни сегменти како делови кои генерираат профит. Друштвото својата дејност ја врши во неколку сегменти. Деловните приходи во матичното друштво ги остварува од продажба на сопствени компјутерски услуги, а основна дејност на подружницата е товарен патен транспорт. Известувањето го врши во еден оперативен сегмент.

**2.16. Споредбени показатели**

Финансиски извештаи на друштвото за 2024 година се ревидирани и претставуваат релевантна основа за споредба со финансиски извештаи за периодот 01.01-31.12.2025 година.

## 3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ

Друштвото врши проценка на идните настани. Проценетите износи, вообичаено се еднакви со реалните износи на остварените настани. Проценките кои може да имаат материјално влијание врз сегашната вредност на средствата и обврските во иднина се опишани подолу.

**Утврдување на објективна вредност**

Објективната вредност на проценетите материјални средства и на финансиските средства и финансиските обврски, кои не котираат на активни пазари – побарувања од купувачи, останати побарувања, позајмици, обврските кон добавувачи и останатите обврски, се анализираат од страна на Друштвото на датата на Извештај за финансиската состојба, дали претрпеле значајни промени во однос на вредноста на денот на проценката. Проценката на друштвото е дека разликата помеѓу нивната пазарна вредност и проценетата сметководствена вредност е нематеријална и не влијае врз искажаниот резултат.

**Континуитет во работењето**

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето, односно дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

## 4. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

**Видови ризици**

Во работењето Друштвото е изложено на повеќе видови финансиски ризици како што се ризикот од промена на девизните курсеви, каматниот ризик, кредитниот ризик, ризикот од неликвидност, даночен ризик и капитален ризик. Менаџментот на Друштвото е насочен во активности за правилно управување со финансиските ризици, со цел навремено да се минимизираат потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризици го врши менаџментот на Друштвото.

*1) Пазарни ризици*

А) Ризик од промена на девизните курсеви

Функционална валута на Друштвото е Македонски денар.

Друштвото во своето работење е поврзано во најголем дел со трансакции во странска валута. Како резултат на изложеноста на домашната валута во однос на флуктуациите на различните странски валути, менаџментот на Друштвото не применува посебни техники за хеџирање од валутниот ризик, бидејќи курсот на националната валута е стабилен, на годишно ниво.

Б) Каматен ризик

Каматниот ризик представува ризик од промена на висината на каматните стапки по земените кредити, доколку се врзани со SKIBOR; или EURIBOR. Друштвото на земените кредити-позајмици, од правни лица плаќа договорни фиксни камати.

*2) Кредитен ризик*

Друштвото е изложено на кредитен ризик при извршување на своите деловните активности. Кредитниот ризик се дефинира како ризик од нереализирање на некој финансиски инструмент, при што едната страна ќе претрпи финансиски загуби од неисполнување на обврска на другата страна. Готовите пари со кои располага друштвото се депонирани на трансакциски сметки во банки со утврден висок кредитен рејтинг, односно не се изложени на кредитен ризик. Побарувањата од купувачите, се состојат од мал број салда, при што за управувањето на кредитниот ризик менаџментот води политика на разумна дисперзија на концентрацијата на побарувања во портфолиото на клиентите.

Сметководствената вредност, на 31.12.2025 година, на финансиските средства вкупно изнесува 14.319 илјади денари, сите некаматоносни, а финансиските обврски вкупно изнесува 5.910 илјади денари, од кои 3.666 илјади денари каматоносни и 2.244 илјади денари некаматоносни.

*3) Ликвидносен ризик*

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои од можноста друштвото да не биде во состојба редовно да ги подмирува достасаните обврски кон доверителите. Менаџментот спроведува успешна политика на навремено обезбедување на доволно ликвидни средства на сметки во банките со цел плаќањата на обврските во земјата и во странство да се подмират при нивното доспевање.

Сметководствената вредност, на 31.12.2025 година, на финансиските средства вкупно изнесува 14.319 илјади денари, сите краткорочни, а финансиските обврски вкупно изнесува 5.910 илјади денари сите краткорочни.

*4) Даночен ризик*

Согласно законските прописи на РМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на друштвото во рок од пет години подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесување на даночните извештаи за периодот.

*5) Капитален ризик*

Друштвото во поглед на управување со капиталот, согласно Законот за трговски друштва, се обидува да одржи стабилна и квалитетна капитална база која ќе го поддржи развојот на Друштвото. Во изминатиот период, Друштвото сеуште нема издвоено резерви во износ од 1/10 од запишаниот капитал.

## 5. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕ

во 000 МКД

| **АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје** | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба-услуги во земјата | 8.738 | 9.303 |
| Приходи од продажба во странство | - | - |
| Останати приходи од продажба | 215 | 118 |
| *Вкупни приходи од продажба* | 8.953 | 9.421 |
| **АГРОНОВА ДООЕЛ Скопје** | | |
| Приходи од продажба-услуги во земјата | 10.686 | 7.275 |
| Приходи од продажба во странство | 59 | 6.938 |
| Останати приходи од продажба-наемнини | 1.019 | 230 |
| Останати приходи од продажба | 13 | 28 |
| *Вкупни приходи од продажба* | 11.777 | 14.471 |
| Приходи од продажба-префактурирање | - | - |
| Приходи од капитални добивки | 2.400 | 5.109 |
| Приходи од продажба на нетек.средства | - | - |
| Приходи од отписи на обврски и наплатени п | - | 856 |
| Други приходи | - | 9 |
| *Вкупни останати деловни приходи* | 2.400 | 5.974 |
| ***Вкупни приходи од работење*** | **23.130** | **29.866** |

## 6. ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕ

во 000 МКД

| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Набавна вредност на продадени стоки | 173 | 97 |
| Потрошени суровини и материјали | 354 | 148 |
| Потрошена енергија | 1.353 | 1.319 |
| Потрошени резервни делови | 16 | 51 |
| Отпис на ситен инвентар и потрош.амбалажа | 84 | 22 |
| Одржување | - | - |
| *Вкупно трошоци за материјали* | 1.807 | 1.540 |
| Транспортни, телеком и други услуги | 586 | 5.107 |
| Наеми | - | 2.782 |
| Производни услуги | - | - |
| Инвестиционо одржување | 350 | 37 |
| Останати услуги | 2.410 | 4.261 |
| *Вкупно трошоци за извршени услуги* | 3.346 | 12.187 |

## 6. ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕ (продолжува)

во 000 МКД

| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Трошоци за вработени -бруто плати | 5.100 | 5.146 |
| Други трошоци за вработени | 2.484 | 2.780 |
| *Вкупно трошоци на вработени* | 7.584 | 7.926 |
| *Амортизација* | 5.175 | 5.837 |
| Трошоци за надомест на одбори | 1.671 | 1.803 |
| Репрезентација | 1.691 | 2.186 |
| Осигурување | 127 | 181 |
| Банкарски провизии | 369 | 463 |
| Даноци, такси и царини | 346 | 425 |
| Професионални и други услуги | 1.592 | 1.430 |
| Останати трошоци од работење | 163 | - |
| *Вкупно останати трошоци од работење* | 5.959 | 6.488 |
| Капитални загуби | - | - |
| Вредносно усогласување на нетековни средс | - | - |
| Вредносно усогласување на тековни средства | - | 316 |
| Расходи од поранешни години | - | 375 |
| ***Вкупни трошоци од работење*** | **24.044** | **34.766** |

## 7. ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ

во 000 МКД

| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Нето плати | 3.435 | 3.442 |
| Придонеси на плати | 1.428 | 1.430 |
| Даноци на плати | 237 | 234 |
| *Вкупни трошоци за вработените* | 5.100 | 5.106 |
| Останати трошоци на вработени | 2.484 | 3.529 |
| ***Вкупни трошоци за вработени*** | **7.584** | **8.635** |

## 8. ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

во 000 МКД

| | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|
| Приходи од камати на поврзани друштва | - | - |
| Приходи од камати | - | - |
| Позитивни курсни разлики | 3 | 10 |
| Приходи од вложувања | 3.165 | 2.366 |
| Останати финансиски приходи | - | 3 |
| ***Вкупни приходи од финансирање*** | **3.168** | **2.379** |

## 9. ТРОШОЦИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

во 000 МКД

| | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|
| Камати по кредити и позајмици | 2 | 2 |
| Негативни курсни разлики | 5 | 43 |
| ***Вкупни расходи од финансирање*** | **7** | **45** |

## 10. ДАНОК НА ДОБИВКА И НА НЕПРИЗНАЕНИ РАСХОДИ

во 000 МКД

| | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|
| Добивка пред оданочување | 2.247 | (2.566) |
| Непризнаени расходи од задршки | - | - |
| Непризнаени расходи за репрезентација | 915 | 777 |
| Останати непризнаени расходи | 32 | 507 |
| Основа за данок на добивка од 10% | 3.194 | (1.282) |
| Намалување на даночни основа | - | - |
| Основа за данок на добивка 10%, | 3.194 | (1.282) |
| Пресметан данок на добивка | 483 | 152 |
| Даночни ослободувања | - | - |
| ***Вкупно данок на добивка*** | **483** | **152** |

## 11. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА-ДИВИДЕНДА

Нето загубата од 2024 година останува непокриена.

## 12. НЕТЕКОВНИ НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

во 000 МКД

| Опис | Софтвери | Софтвери | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | |
| Состојба 01.01.2024 | 7.981 | 2.417 | 10.398 |
| Набавки во тек на год. | - | - | - |
| Состојба 31.12.2024 | 7.981 | 2.417 | 10.398 |
| **Исправка на вредност** | | | |
| Состојба 01.01.2024 | 7.281 | 1.254 | 8.535 |
| Амортизација | 150 | - | 150 |
| Состојба 31.12.2024 | 7.431 | 1.254 | 8.685 |
| ***Нето вредност на 31.12.2024*** | 550 | 1.163 | 1.713 |
| **Набавна вредност** | | | |
| Состојба 01.01.2025 | 7.981 | 2.417 | 10.398 |
| Набавки во тек на год. | - | - | - |
| Состојба 31.12.2025 | 7.981 | 2.417 | 10.398 |
| **Исправка на вредност** | | | |
| Состојба 01.01.2025 | 7.431 | 1.254 | 8.685 |
| Амортизација | 150 | - | 150 |
| Состојба 31.12.2025 | 7.581 | 1.254 | 8.835 |
| ***Нето вредност на 31.12.2025*** | 400 | 1.163 | 1.563 |

## 13. НЕТЕКОВНИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

во 000 МКД

| Опис | Земја | Град.објекти | Опрема | Инвес. во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Состојба 01.01.2024 | 1.132 | 167.024 | 40.517 | 910 | 209.583 |
| Набавки во тек на год. | - | - | 13 | - | 13 |
| Пренос од инвест.во тек | - | - | - | - | - |
| Расходи и отуѓувања | - | - | (1.023) | - | (1.023) |
| Состојба 31.12.2024 | 1.132 | 167.024 | 39.507 | 910 | 208.573 |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| Состојба 01.01.2024 | - | 109.598 | 36.869 | - | 146.467 |
| Амортизација | - | 4.184 | 1.021 | - | 5.205 |
| Расходи | - | - | (1.023) | - | (1.023) |
| Состојба 31.12.2024 | - | 113.782 | 36.867 | - | 150.649 |
| ***Нето вредност на 31.12.2024*** | **1.132** | **53.242** | **2.640** | **910** | **57.924** |
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Состојба 01.01.2025 | 1.132 | 167.024 | 39.507 | 910 | 208.573 |
| Набавки во тек на год. | - | 23 | 153 | - | 176 |
| Пренос од инвест.во тек | - | - | - | - | - |
| Расходи и отуѓувања | - | - | - | - | - |
| Состојба 31.12.2025 | 1.132 | 167.047 | 39.660 | 910 | 208.749 |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| Состојба 01.01.2025 | - | 113.782 | 36.867 | - | 150.649 |
| Амортизација | - | 4.183 | 341 | - | 4.524 |
| Расходи | - | - | - | - | - |
| Состојба 31.12.2025 | - | 117.965 | 37.208 | - | 155.173 |
| ***Нето вредност на 31.12.2025*** | **1.132** | **49.082** | **2.452** | **910** | **53.576** |

## 14. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

во 000 МКД

| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Вложување во придружни друштва | - | - |
| Вложување во хартии од вредност | 10.408 | 10.771 |
| Други вложувања | - | - |
| ***Вкупно долгор. финансиски вложувања*** | 10.408 | 10.771 |

## 15. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ

во 000 МКД

| Опис | Град.објекти | Опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | |
| Состојба 01.01.2024 | 13.054 | 911 | 13.965 |
| Набавки во тек на год. | 5.775 | - | 5.775 |
| Пренос од инвест.во тек | - | - | - |
| Расходи и отуѓувања | - | - | - |
| Состојба 31.12.2024 | 18.829 | 911 | 19.740 |
| **Исправка на вредност** | | | |
| Состојба 01.01.2024 | 1.711 | 108 | 1.819 |
| Амортизација | 459 | 23 | 482 |
| Расходи | - | - | - |
| Состојба 31.12.2024 | 2.170 | 131 | 2.301 |
| ***Нето вредност на 31.12.2024*** | **16.659** | **780** | **17.439** |
| **Набавна вредност** | | | |
| Состојба 01.01.2025 | 18.829 | 911 | 19.740 |
| Набавки во тек на год. | - | 1.413 | 1.413 |
| Пренос од инвест.во тек | - | - | - |
| Расходи и отуѓувања | - | - | - |
| Состојба 31.12.2025 | 18.829 | 2.324 | 21.153 |
| **Исправка на вредност** | | | |
| Состојба 01.01.2025 | 2.170 | 131 | 2.301 |
| Амортизација | 471 | 31 | 502 |
| Расходи | - | - | - |
| Состојба 31.12.2025 | 2.641 | 162 | 2.803 |
| ***Нето вредност на 31.12.2025*** | **16.188** | **2.162** | **18.350** |

## 16. ЗАЛИХИ

во 000 МКД

| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Материјали и суровини | - | - |
| Резервни делови | - | - |
| Трговски Стоки | 335 | 335 |
| ***Вкупно залихи*** | 335 | 335 |

## 17. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | | во 000 МКД |
|---|---|---|
| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
| Побарувања од купувачи во земјава | 6.811 | 2.624 |
| Побарувања од купувачи во странство | 208 | 1.049 |
| Вредносно усогл. на побарувања од купувачи | (1.166) | (1.166) |
| ***Вкупно побарувања од купувачи*** | 5.853 | 2.507 |

## 18. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

| | | во 000 МКД |
|---|---|---|
| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
| Побарувања за дадени аванси | 25 | 53 |
| Побарувања од работници | - | - |
| Побарувања за даноци и придонеси | 75 | 531 |
| Останати побарувања | - | - |
| Однапред платени трошоци | - | - |
| ***Вкупно други побарувања*** | 100 | 584 |

## 19. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

| | | во 000 МКД |
|---|---|---|
| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
| Вложување во краткорочни хартии од вредност | 2.418 | 2.418 |
| Краткорочни позајмици, кредити | - | - |
| Други вложувања | - | - |
| ***Вкупно долгор. финансиски вложувања*** | 2.418 | 2.418 |

## 20. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| | | во 000 МКД |
|---|---|---|
| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
| Пари на денарски сметки и во благајна | 5.948 | 3.802 |
| Пари на девизни сметки и во благајна | - | - |
| Парични депозити по видување | - | - |
| ***Вкупно парични средства*** | 5.948 | 3.802 |

## 21 .ЗАПИШАН КАПИТАЛ

| Сопственост | Број на акции | | Промени | Број на акции | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **01.1.2025** | % | | **31.12.2025** | % |
| Орданчо Перчинков | 135 | 79,4% | - | 135 | 79,4% |
| Ангел Димитров | 29 | 17,1% | - | 29 | 17,1% |
| АГРОНОВА ДОО Скопје | 6 | 4% | - | 6 | 4% |
| ***Вкупно*** | 170 | 100% | **-** | 170 | 100% |

* Номиналната цена на една акција изнесува 650 Евра, а во сметководствената евиденција е изразена по историска вредност во МКД и изнесува 110.500,00 ЕУР

## 22. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

во 000 МКД

| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Кратк.обврски кон субјекти во земјата | - | - |
| Кратк.обврски кон банки | - | - |
| Останати кратк.обврски-позајмици | 3.666 | 3.666 |
| ***Вкупни крат.финансиски обврски*** | 3.666 | 3.666 |

Кредитните обврски се однесуваат на:

| **Кредитор** | **Валута** | **Износ** | **Отплата до** | **Камата** |
|---|---|---|---|---|
| Позајмици од физички лица | МКД | 3.665.918 | достасана | - |

## 23. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

во 000 МКД

| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 1.081 | 1.830 |
| Добавувачи во странство | - | 464 |
| ***Вкупни краткорочни обврски кон добавувачи*** | 1.081 | 2.294 |

## 24. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

во 000 МКД

| | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Обврски за нето плати | 285 | 305 |
| Обврски за придонеси на плати | 134 | 150 |
| Тековни даночни обврски | 744 | 200 |
| Други обврски | - | - |
| Однапред платени трошоци | - | - |
| ***Вкупни др.краткорочни обврски*** | 1.163 | 655 |

## 25. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

во 000 МКД

| **АГРОНОВА ДООЕЛ Скопје** | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| | **обврски** | **обврски** |
| Обврски кон добавувачи | 10.638 | 8.131 |
| Краткорочни финансиски обврски | 16.532 | 16.419 |
| Акции на АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС | - | - |
| ***Вкупни трансакции со поврзани субјекти*** | 27.170 | 24.550 |

АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје е сопственик на 100% удел во АГРОНОВА ДОО Скопје.

во 000 МКД

| **Орданчо Перчинков** | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| Краткорочни финансиски обврски | 2.106 | 2.106 |
| ***Вкупни трансакции со поврзани субјекти*** | 2.106 | 2.106 |

Г-дин Орданчо Перчинков е сопственик на 79,4% на акциите во АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје.

## 26. НЕИЗВЕСНИ ПОБАРУВАЊА/ОБВРСКИ

Друштвото на 31 Декември, 2025 година, нема неизвесни или тужени побарувања и обврски.

## 27. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датата на известување, 31 Декември, 2025 година во Друштвото нема настани кои би влијаеле на објавените финансиски извештаи за 2025 година.